ФЗОМ
ФОНД ЗА ЗДРАВСТВЕНО ОСИГУРУВАЊЕ НА МАКЕДОНИЈА
www.fzo.org.mk

Адреса: Македонија бр. 5, 1000 Скопје
Тел.: 02 3289 005
Централа.: 02 3289 054
Факс: 02 3289 048
Е-пошта: info@fzo.org.mk

TÜV AUSTRIA CERTIFIED

Дата: 18.05.2016
Арх.бр.: 08-7596/1

Од: Фонд за здравствено осигурување на Македонија
До: Здравствена установа________________________

**Предмет: Известување**

Почитувани,

Согласно одредбите од договорот за пружање и плаќање на здравствени услуги, склучен помеѓу Фондот за здравствено осигурување и Вашата здравствена установа, остварувањето на здравствените услуги утврдени во планот за вид и обем се следи на квартално ниво, врз основа на фактурираните здравствени услуги и извршените контроли од овластени лица на Фондот.

Следењето и контролата на здравствените услуги, утврдени во планот за вид и обем на здравствени услуги, се врши врз основа на доставениот образец за План за вид и обем на здравствени услуги за тековната година, усогласен со вкупно утврдениот договорен надоместок за 2016, согласно со Одлуката на УО. Истото се однесува и за планот за специфичен вид и обем на здравствени услуги, каде усогласувањето се врши во рамките на вкупниот условен надоместок.

Во текот на годината, здравствената установа може да прави квартални промени на планот за вид и обем на здравствени услуги (репланирање), со префрлање на здравствени услуги од кварталот за кој има потреба да се изврши корекција во друг нареден квартал, во рамките на вкупниот договорен надоместок.
Новиот ревидиран План за вид и обем се доставува во истиот образец како и првичниот план за вид и обем на здравствени услуги, со назнака Ре-план, при што истиот треба да биде прифатен од страна на Фондот.

**Корекција на планот за вид и обем на здравствени услуги, односно Ре-планот, треба да се достави до фондот потпишан и заверен од Ваша страна, најдоцна пет дена пред истекот на кварталот во кој има потреба да се изврши корекција на видот и обемот на здравствени услуги. Ви напоменуваме, Фондот нема да го прифати коригираниот план доколку го доставите после посочениот рок.**

Со почит,

Сектор за финансиски прашања,
Одд. за буџетска координација, преговарање и договарање,
По овластување бр.04-2387/1 од 06.02.2014г
Бранислава Катушевска

Изготвил: Зорица Димитровска